Врз основа на член 48 став 3 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на семејствата на паднатите борци („Службен весник на РМ“, број 13/96), министерот за труд и социјална политика донесе

# П Р А В И Л Н И К
# ЗА ОШТЕТУВАЊАТА НА ОРГАНИЗМОТ ВРЗ ОСНОВА НА КОИ ВОЕНИОТ ИНВАЛИД ИМА ПРАВО НА МОТОРНО ВОЗИЛО И ВИДОТ НА МОТОРНОТО ВОЗИЛО

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат оштетувањата на организмот врз основа на кои воениот инвалид може да оствари право на патничко моторно возило и видот на моторното возило согласно член 48 став 1 од Законот за правата на воените инвалиди, на членовите на нивните семејства и на членовите на семејствата на паднатите борци (во натамошниот текст: закон).

Член 2

Правото на патничко моторно возило може да го оствари воениот инвалид од I група чие својство на воен инвалидитет е утврдено трајно по основ на следните оштетувања на организмот:

1. екзартикулација на двете колена;
2. ампутација на двете нозе над колено;
3. анкилоза на двата колка во било која положба;
4. екзартикулација на двата колка;
5. ампутација на двете потколеници со кратки или набрчкани чунки непогодни за протези или со ограничени движења во колената;
6. обострана парализа на лумбосакралниот плексус;
7. паркинсонизам од најтежок степен;
8. консолидирана фрактура на 'рбетот, со флакцидна параплегија или со спастична параплегија во флексијата - трајна неподвижност и врзаност за постела;
9. најтежок облик на церебрален атактичен синдром по траума - неможност за движење поради атакција;
10. најтежок облик на полинеуритичен синдром со тешки оштетувања на мотолитетот со атрофии, со тешки трофични пречки и потполна фатеност на екстремитетите (неподвижен инвалид);
11. слепило - губење на видот на двете очи.

Член 3

Воениот инвалид од членот 2 на овој правилник, а согласно член 48 став 1 од Законот има право на патничко моторно возило „Југо - корал 45".

Член 4

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".

Број 12-1456
8 април 1996 година
Скопје

Министер
за труд и социјална политика,
**Насер Зибери,** с.р.